ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА "СКОПЈЕ" - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI I SHËNDETIT PUBLIK
SPITALI PSIKIATRIK "SHKUP" - SHKUP
Бр-Nr. 02-1282/11
14-08 26

Врз основа начленовите од Законот за здравствената заштита, Законот за менталното здравје, Законот за заштита на правата на пациентите, Законот за работните односи, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за заштита на личните податоци, Законот за заштита на населението од заразни болести, Правилникот за куќниот ред во здравствена установа за лицата спрема кои се извршува мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/98), Статутот на болницата и другите позитивни прописи, Управниот одбор на ЈЗУ Психијатриска болница"Скопје" - Скопје, на седницата одржана на 14.08.2026 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА КУЌЕН РЕД
# НА ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА "СКОПЈЕ" СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат организацијата на куќниот ред во Јавната здравствена установа Психијатриска болница"Скопје"– Скопје (во понатамошниот текст: Болницата), организацијата на работата, начинот на прием, престој и отпуст на пациентите, правата и обврските на пациентите, посетителите и вработените, работното време, сменската работа, дежурствата, безбедносните мерки, користењето на просториите и опремата, како и други прашања од значење за непречено и безбедно функционирање на Болницата.

**Член 2**

Целта на овој Правилник е да обезбеди достоинствено, стручно и безбедно лекување на пациентите, заштита на нивното физичко и ментално здравје, почитување на нивните права, обезбедување непречено функционирање на организационите единици, заштита на вработените, посетителите и имотот на Болницата, како и создавање услови за непречено спроведување на психијатриската здравствена дејност.Во примената на овој Правилник се обезбедува почитување на законитоста, медицинската етика, човековото достоинство, еднаквиот пристап до здравствена заштита, доверливоста на личните и медицинските податоци, заштитата на човековите права, професионалноста и одговорноста во извршувањето на работните задачи.

**Член 3**

Одредбите на овој Правилник се задолжителни за сите вработени во Болницата, пациентите, нивните законски застапници, посетителите, студентите, специјализантите, волонтерите, надворешните соработници, лицата кои извршуваат мерка на безбедност во Болницата, како и за сите други лица кои по кој било основ престојуваат во просториите и кругот на Болницата.

**Член 4**

Секој вработен како и секое лице кое престојува во Болницата е должно своето однесување да го усогласи со куќниот ред, да ги почитува достоинството и интегритетот на другите лица, да не го попречува терапевтскиот процес и да не преземаат дејствија со кои може да се загрозат животот, здравјето, безбедноста или имотот на Болницата.

**Член 5**

Во Болницата е забрането секое постапување кое претставува дискриминација, навредување, психичко или физичко насилство, злоупотреба, понижување или друго однесување спротивно на закон, медицинската етика и добрите професионални практики.

**Член 6**

Сите вработени се должни работните задачи да ги извршуваат стручно, совесно, одговорно и во согласност со законските прописи, медицинската доктрина, интерните акти на Болницата и овој Правилник, водејќи сметка за заштитата на достоинството, безбедноста и здравјето на пациентите.

**Член 7**

При приемот во Болницата пациентот, а кога тоа е потребно и неговиот законски застапник или член на потесното семејство, се запознава со содржината на Куќниот ред, со правата и обврските за време на лекувањето, со дневниот режим, правилата за посетите, начинот на поднесување претставки и поплаки, како и со другите информации од значење за престојот во Болницата.

**Член 8**

Куќниот ред задолжително се истакнува на видно место во приемното одделение, на сите болнички одделенија, во просториите за посетители и на други соодветни места во Болницата, а по одлука на директорот да биде објавен и на огласна табла како и официјалната интернет-страница на Болницата.

**Член 9**

Одговорноста за спроведување на одредбите од овој Правилник ја имаат директорот на Болницата, раководителите на организационите единици, главната медицинска сестра, здравствените работници и сите други вработени во рамките на своите надлежности.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА

**Член 10**

Работата во Болницата се организира како непрекината здравствена служба која обезбедува психијатриска здравствена заштита дваесет и четири часа дневно, седум часа во неделата, во текот на целата календарска година, без прекин, преку организирање на редовна работа, сменска работа, дежурства и приправност, согласно закон, колективен договор и интерните акти на Болницата.

## III. РАБОТНО ВРЕМЕ, СМЕНСКА РАБОТА, ДЕЖУРСТВО И ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА СМЕНА

### Член 11

Работното време во ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје" – Скопје се организира согласно закон, Колективниот договор за здравствената дејност, актите на Болницата и потребите на процесот на работа, при што се обезбедува непречено, континуирано и квалитетно вршење на здравствената дејност.

Редовното работно време, по правило, се организира во рамките на работната недела, при што првата смена започнува во 07:00 часот и завршува во 14:00 часот од понеделник до четврток, а во петок започнува во 07:00 часот и завршува во 13:00 часот.

За работните места на кои, поради природата и организацијата на работата, е неопходно обезбедување на непрекинато 24-часовно вршење на здравствената дејност, работата се организира во смени и дежурства.

Сменската работа се организира во:

**дневна смена**, која трае од 07:00 часот до 19:00 часот, и

**ноќна смена**, која трае од 19:00 часот до 07:00 часот наредниот ден.

Дежурството се организира во траење од 24 часа, од 07:00 часот на денот на започнување на дежурството до 07:00 часот наредниот ден, согласно распоредот за дежурства и потребите на процесот на работа.

Распоредот на сменската работа и дежурствата го утврдува директорот, односно овластено лице од директорот, согласно организацијата на работата, потребите на одделенијата и одделите, бројот на расположливи вработени и прописите со кои се уредува работното време во здравствената дејност.

Во случај на промена на организацијата на работата, директорот може со посебна одлука да утврди поинаков распоред на смените, доколку тоа е оправдано со потребите на Болницата.

### Член 12

Секој вработен е должен да се јави на своето работно место навремено, во работна униформа и подготвен за извршување на работните задачи. Доцнењето на работа, неоправданото отсуство или предвременото напуштање на работното место претставува повреда на работната дисциплина и повлекува одговорност согласно закон и општите акти на Болницата.

Евиденцијата на работното време претставува официјална исправа за присуството на работа и служи за пресметка на работното време, прекувремената работа, сменската работа, дежурствата, приправноста и другите права и обврски од работниот однос.

Во електронската евиденција за полното работно време и на прекувремената работа, се евидентираат најмалку следните елементи, и тоа:
- име и презиме на работникот;
- персонален број на работникот кај работодавачот;
- распоред на работното време на работникот;

- влез/излез;
- пауза за време на работното време;
- приватно отсуство (влез/излез) и
- службено отсуство (влез/излез).

Системот ќе ги генерира дневни, неделни и месечни извештаи за полното работно време и за прекувремената работа.

**Член 13**

Секој вработен е должен при доаѓање и заминување од работа да ја евидентира својата присутност на начин утврден со актите на Установата, задолжително преку електронски систем за евиденција на работното време.

Вработениот е должен лично да ја изврши евиденцијата на своето работно време. Не е дозволено евидентирање на присуство или отсуство во име на друг вработен, ниту злоупотреба на системот за евиденција.

**Член 14**

Пристапот и точноста на евиденцијата на работното време ќе ја следи одговорното лице определено од директорот на болницата и истиот без одлагање да го извести директорот со допис во писмена форма или службата надлежна за човечки ресурси за секоја неправилност или неоправдано отсуство од работа.

**Член 15**

Секое неоправдано отсуство од работа, ненавремено доаѓање, предвремено напуштање на работното место или злоупотреба на евиденцијата на работното време претставува повреда на работната дисциплина и повлекува одговорност согласно Законот за работните односи, колективниот договор и општите акти на Установата.

Доколку вработениот има потреба, поради лични причини, да отсуствува од работата во текот на работното време, должен е претходно да поднесе барање за одобрение/службена белешка до непосредно претпоставениот, додека пак раководител на оддел/сектор службената белешка ја поднесува до директорот на болницата. Вработениот има право на отсуство од работа поради приватни потреби во вкупно траење до 6 часа во текот на еден календарски месец при што во вкупното времетраење на отсуството се засметува и времето на доцнење на работа.

Отсуството од ставот 1 на овој член може да трае најмногу до 2 (два) часа во текот на еден работен ден.

Времето поминато во отсуство поради приватни потреби, вклучително и времето на доцнење, задолжително се евидентира во евиденцијата за работното време и се пресметува во вкупниот месечен лимит од ставот 2 на овој член.

**Член 16**

За време на работното време, смената, дежурството или приправноста, вработениот не смее да го напушти работното место без претходно одобрение од главна сестра, непосредниот раководител или дежурниот лекар, освен кога тоа е неопходно за извршување на службени задачи или во случај на итност. Работното место се напушта по извршено примопредавање на работните обврски, односно по доаѓањето на вработениот на смена.

**Член 17**

Вработениот кој ја завршува смената е должен работните задачи да ги предаде лично на вработениот кој ја презема смената. Примопредавањето се врши непосредно на одделението и не може да се смета за завршено сè додека не бидат пренесени сите информации од значење за лекувањето и безбедноста на пациентите.

При примопредавањето на смената задолжително се даваат информации за здравствената состојба на пациентите, новопримените пациенти, пациентите кај кои постои ризик од самоповредување, суицидално или агресивно однесување, пациентите кои се под посебен надзор, применетата терапија, закажаните дијагностички и терапевтски постапки, како и сите други околности што можат да бидат од значење за понатамошниот третман.

**Член 18**

Дежурството претставува посебен облик на организација на работата со кој се обезбедува непрекинато функционирање на Болницата надвор од редовното работно време. Распоредот за дежурства го донесува директорот на Установата, односно лице овластено од него.

**Член 19**

Дежурниот лекар е должен за време на дежурството да биде постојано достапен во просториите на Болницата, да врши прием и преглед на итните пациенти, да ја проценува нивната здравствена состојба, да донесува одлуки за прием, сместување и итен третман, да ги координира здравствените работници и да преземе сите неопходни мерки за заштита на животот и здравјето на пациентите.

**Член 20**

Дежурната медицинска сестра, односно медицинскиот техничар, е должен континуирано да ја следи здравствената состојба на пациентите, да ја спроведува пропишаната терапија, да води уредна медицинска документација, да го известува дежурниот лекар за секоја промена во здравствената состојба на пациентот и да презема мерки за одржување на редот и безбедноста на одделението.

**Член 21**

Болничарите и останатиот помошен персонал се должни за време на смената и дежурството да обезбедуваат помош при згрижувањето и транспортот на пациентите, да се грижат за одржување на хигиената и уредноста на одделението, да постапуваат по налозите на здравствените работници и веднаш да ги пријават сите околности што можат да претставуваат опасност за пациентите, вработените или имотот на Болницата.

**Член 22**

Во текот на работното време и дежурството вработените се должни да останат на своето работно место и не смеат да го напуштат одделението без претходно известување и одобрение од непосредниот раководител или дежурниот лекар, освен во случај кога напуштањето е неопходно заради извршување на работни задачи.

**Член 23**

Во случај на ненадејно влошување на здравствената состојба на пациент, појава на агресивно однесување, обид за самоповредување, бегство или друга вонредна околност, секој вработен е должен без одлагање да го извести дежурниот лекар и раководителот на смената и да ги преземе мерките предвидени со закон, овој Правилник и интерните стручни протоколи на Болницата.

**Член 24**

Дежурниот лекар е должен по завршувањето на дежурството да изготви писмен извештај за сите значајни настани што се случиле за време на дежурството, вклучително и приеми, отпусти, итни интервенции, примена на итни мерки, повреди, инциденти, бегства, самоповредувања и други вонредни околности. Извештајот се доставува до директорот и до раководителот на организационата единица.

## IV. ПРИЕМ, СМЕСТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ПАЦИЕНТИТЕ

**Член 25**

Приемот на пациентите во Јавната здравствена установа Психијатриска болница Скопје се врши непрекинато, дваесет и четири часа дневно, во согласност со медицинските индикации, важечките законски прописи, стручните упатства и интерните процедури на Болницата. При приемот на пациентот се обезбедува достоинствен и професионален однос, почитување на неговата личност, приватност и човеково достоинство.

**Член 26**

Пациентите се примаат на доброволно лекување, по упатување од надлежна здравствена установа, како итни случаи, врз основа на судска одлука или по други основи утврдени со закон. При приемот задолжително се утврдува идентитетот на пациентот, се отвора медицинска документација и се врши проценка на неговата психичка и физичка состојба.

**Член 27**

Пациент кој е донесен во придружба на службени лица од Министерството за внатрешни работи, Итната медицинска помош или друга надлежна институција се прима по претходна медицинска проценка од дежурниот психијатар. По завршување на медицинскиот преглед, дежурниот лекар одлучува за понатамошниот третман, сместувањето и потребата од преземање дополнителни мерки за заштита на пациентот и околината.

**Член 28**

При приемот на пациентот, здравствениот работник задолжително го информира пациентот, а кога тоа не е можно поради неговата здравствена состојба и законскиот застапник или најблискиот член на семејството, за правата и обврските за време на престојот во Болницата.

При приемот се врши преглед на личните предмети што пациентот ги носи со себе, исклучиво со цел обезбедување на безбедноста на пациентот, другите пациенти, вработените и имотот на Болницата. Прегледот се врши на начин со кој се почитува достоинството и приватноста на пациентот, а доколку се одземат предмети, за тоа се составува записник.

**Член 29**

По извршениот прием, пациентот се сместува на одделение кое одговара на неговата здравствена состојба, потребата од психијатриски третман, безбедносната проценка и расположливите просторни услови. Одлуката за сместување ја донесува психијатарот кој го врши приемот.

**Член 30**

За време на престојот во Установата пациентот е должен да ги почитува куќниот ред, терапевтскиот режим и упатствата дадени од здравствените работници, освен доколку со закон е поинаку определено. Вработените се должни да обезбедат услови за достоинствен престој, континуирана здравствена заштита, психосоцијална поддршка и почитување на личноста на секој пациент.

**Член 31**

Во текот на лекувањето пациентот може да биде преместен во друга соба или на друго одделение поради медицински причини, организациски потреби, заштита на безбедноста или обезбедување на поефикасен терапевтски третман. За секое преместување се прави соодветна евиденција во медицинската документација.

**Член 32**

Отпустот на пациентот се врши врз основа на одлука на надлежниот психијатар, кога ќе се утврди дека се исполнети медицинските и законските услови за престанок на болничкото лекување. При отпустот пациентот се запознава со препораките за понатамошно лекување, контролните прегледи и терапијата, а му се враќаат депонираните предмети и личните документи, освен ако со закон не е определено поинаку.

**Член 33**

Во случај на самоволно напуштање на Болницата или бегство на пациент, вработените се должни веднаш да го известат дежурниот психијатар, раководителот на организационата единица, директорот на Болницата и, согласно закон и проценката на ризик, надлежните органи. За настанот задолжително се составува службена белешка и се преземаат мерки согласно интерните процедури на Болницата.

**Член 34**

Во случај на смрт на пациент, здравствените работници постапуваат во согласност со законските прописи и интерните процедури на Болницата, при што без одлагање се известуваат надлежните органи и лицата определени со закон.

**Одредбите од оваа глава дополнително поединечно се обработени и во процедури на болницата и секој вработен задолжително постапува по нив. Секое непостапување може да биде основ за дисциплинска одговорност.**

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПАЦИЕНТИТЕ

**Член 35**

За време на престојот во Болницата секој пациент има право на достоинствен, хуман, стручен и еднаков третман, без дискриминација по основ на пол, возраст, раса, национална или етничка припадност, јазик, вероисповед, социјален статус, политичко уверување, здравствена состојба или по кој било друг основ утврден со закон.

**Член 36**

Пациентот има право неговата личност, физички и психички интегритет, приватност и достоинство да бидат почитувани во текот на целиот престој во Болницата. Здравствените работници се должни сите дијагностички, терапевтски и рехабилитациски постапки да ги спроведуваат со должно внимание и почитување на човековото достоинство.

**Член 37**

Пациентот има право да биде информиран за својата здравствена состојба, предложените дијагностички и терапевтски постапки, очекуваните резултати од лекувањето и можните ризици, во обем и на начин што одговара на неговата здравствена состојба и способност да ги разбере дадените информации, освен во случаи кога по процена на психијатарот таквата информација може сериозно да го влоши неговото психичко здравје, согласно закон.

**Член 38**

Пациентот има право на доверливост на личните податоци, медицинската документација и сите информации поврзани со неговото лекување. Со податоците можат да располагаат само овластени лица и надлежни органи во случаите утврдени со закон.

**Член 39**

Пациентот има право на контакт со членовите на своето семејство, законскиот застапник, адвокатот, вештак и други лица од негов интерес, на начин и во време што не го нарушува терапевтскиот процес, безбедноста на одделението и правата на другите пациенти.

Посетите на адвокат, вештак (кој не е од редот на судски вештаци од болницата) се дозволени само во работно време и во присуство на социјален работник на одделението.

Посетите од страна на вештаците кои не се вработени во болницата се остваруваат по доставено барање кое во прилог содржи наредба од суд за спроведување на вештачење.

**Член 40**

Пациентот има право да поднесува претставки, поплаки, барања и предлози до директорот на Болницата, до Комисијата за квалитет, до надлежните органи и до други институции, без да трпи какви било последици поради користењето на тоа право.

**Член 41**

Пациентот има право да биде информиран и, во рамките на својата здравствена состојба и способност да ја разбере природата, целта и последиците од предложеното лекување, да учествува во планирањето и донесувањето одлуки поврзани со неговото лекување, согласно закон и медицинските правила и стандарди.

Проценката дали пациентот, во конкретниот момент, е способен да ги разбере информациите релевантни за неговото лекување и да учествува во донесувањето одлуки се врши од страна на лекарот кој го лекува пациентот, согласно неговата здравствена состојба, клиничката проценка и медицинската документација, а кога тоа е потребно и во соработка со други членови на стручниот тим.

Кога, согласно стручната медицинска проценка и закон, пациентот не е во состојба самостојно да учествува во донесувањето одлуки за своето лекување, постапувањето се врши на начин и под услови утврдени со закон, при што се почитуваат достоинството, правата, безбедноста и најдобриот интерес на пациентот.

Пациентот се вклучува во психосоцијалните, терапевтските и рехабилитациските активности што се организираат во Болницата во согласност со неговата здравствена состојба, проценката на лекарот и стручниот тим, индивидуалниот план за лекување и рехабилитација и можноста за безбедно учество во конкретната активност.

Вклучувањето на пациентот во активностите од ставот 4 на овој член се врши согласно индивидуалниот план за лекување и рехабилитација и не подразбира обврска пациентот да учествува во секоја активност, доколку за тоа, според стручната медицинска проценка, не постојат услови или постои ризик за неговото здравје, безбедноста на пациентот или безбедноста на други лица.

За проценката, одлуките и преземените активности во врска со учеството на пациентот во планирањето и спроведувањето на лекувањето се води соодветна медицинска документација, согласно закон и прописите со кои се уредува водењето на медицинската документација.

**Член 42**

Пациентот има право, во согласност со можностите на Болницата и без нарушување на редот и безбедноста, да ги практикува своите верски убедувања и да побара духовна поддршка од овластено верско лице, доколку тоа не е спротивно на неговата здравствена состојба и препораките на лекарот.

**Член 43**

Пациентот е должен да се придржува кон куќниот ред, терапевтскиот режим, распоредот на дневните активности и упатствата дадени од здравствените работници, освен кога со закон е поинаку определено.

**Член 44**

Пациентот е должен со должно внимание да се однесува кон другите пациенти, посетителите и вработените, да го почитува нивното достоинство, приватност и личен интегритет и да се воздржува од секакво однесување што може да предизвика страв, вознемиреност или нарушување на редот, согласно своите психофизички способности.

**Член 45**

Пациентот е должен да ја одржува личната хигиена и хигиената на просториите што ги користи, согласно своите психофизички способности и препораките на здравствените работници.

**Член 46**

Пациентот не смее да внесува, поседува, користи или дава на други пациенти оружје, остри предмети, алкохол, недозволени психоактивни супстанции, запаливи материи, експлозивни средства, телефони,лекови кои не се пропишани од лекар, како и други предмети што можат да ја загрозат безбедноста на лицата или имотот на Болницата.

**Член 47**

Пациентот не смее намерно да го оштетува инвентарот, медицинската опрема, електричните инсталации, прозорците, вратите, санитарните уреди и другите средства што се сопственост на Болницата. За намерно причинета штета се поведува постапка согласно закон и општите акти на Установата, а согласно здравствената состојба на пациентот.

**Член 48**

Пациентот е должен да ги почитува определените термини за дневните активности, терапевтските процедури, визитите, исхраната, посетите и ноќниот одмор и да не го нарушува мирот на одделението.

**Член 49**

**Непочитувањето на одредбите од оваа глава не може да биде основ за ограничување на правата на пациентот надвор од случаите и постапките утврдени со закон, но претставува основ за преземање соодветни организациски и безбедносни мерки во интерес на пациентот, другите пациенти и непреченото функционирање на Болницата.**

## VI. ДНЕВЕН РЕД И ТЕРАПЕВТСКИ РЕЖИМ

**Член 50**

Дневниот ред во Болницата се организира со цел обезбедување континуитет во лекувањето, психосоцијалната рехабилитација, здравствената нега и одржувањето на редот и дисциплината. Распоредот на дневните активности го утврдуваат директорот на Болницата, приспособен на спецификите на одделните организациони единици.

**Член 51**

Дневниот режим опфаќа будење, утринска хигиена, визити, земање терапија, оброци, психијатриски и психолошки прегледи, работно-окупациона терапија, индивидуални и групни психотерапевтски активности, рекреативни активности, посети, вечерна терапија и ноќен одмор. Распоредот на овие активности задолжително се објавува на видно место на секое одделение.

**Лекарска Визита**

Во болницата се вршат една главна неделна визита и две дневни лекарски визити во текот на 24 часовен работен циклус.

Неделната главна визита на одделот ја спроведува раководителот на одделот со останатиот медицински персонал.

Дневната лекарска визита на одделот каде се хоспитализирани пациентите е утринска визита која ја спроведува доктор на медицина/специјалист/субспецијалист распореден на соодветниот оддел во период од 7:45 до 8:15 и вечерна визита која ја спроведува дежурен доктор во период од 20:30 до 21:30 часот.

**Терапија и нега на пациенти**

Терапијата на болните ја ординираат докторите распоредени на одделот. Ординираната терапија се заведува на тераписка листа.

Ординираната терапија на пациентот заведена на тераписката листа како и назначените дијагностички постапки се ординираат и администрираат по приемот на пациентот на одделот; по завршена лекарска визита како и во текот на денот по секоја настаната промена во клиничката слика заведено во тераписката листа во текот на 24 часа.

Негата на болните ја вршат медицинските сестри на одделот каде е хоспитализиран и/или примен пациентот. Истата мора да биде навремена, стручна и во согласност со наведената терапија на тераписката листа.

**Исхрана на пациенти**

Исхраната на пациентите е утврдена во правилникот за исхрана на пациенти. Видот на исхраната е во корелација со здравствената состојба на пациентот.

Храната се обезбедува преку кујна од болницата.

Трите оброци во текот на денот се распоредени во следниот период:

- доручек од 8,30 до 09,30 часот
- ручек од 13,30 до 14,30 часот
- вечера од 18 до 19 часот

Пациентите хоспитализирани во болницата не смеат да внесуваат храна од надвор, без согласност од раководител на оддел.

## VII.ПОСЕТИ НА ПАЦИЕНТИТЕ

**Член 52**

Посетите на пациентите се дозволени во денови и термини утврдени со одлука на директорот на Болницата, доколку со тоа не се нарушува здравствената состојба на пациентот, терапевтскиот процес или безбедноста на одделението.Посетата на пациентот е од12:00 часот до 13:00 часот.

**Член 53**

Посетителите се должни при влез во Болницата да се евидентираат, да приложат документ за идентификација по барање на овластеното лице и да ги почитуваат упатствата на здравствените работници и службата за обезбедување.

На посетителите не им е дозволено да внесуваат алкохол, психоактивни супстанции, оружје, опасни предмети, лекови без одобрение од лекар, како и други предмети чиј внес е забранет со овој Правилник.

Пакетите што ги доставуваат посетителите подлежат на преглед од овластен здравствен работник во присуство на пациентот, кога тоа е можно, со цел спречување внесување забранети предмети или супстанции.

**Член 54**

Посетите се реализираат во простории определени за таа намена, а по исклучок во болничката соба кога тоа го дозволува здравствената состојба на пациентот и организацијата на работата на одделението.

**Член 55**

Лекарот може привремено да ја ограничи или забрани посетата на пациент кога тоа е неопходно заради заштита на неговото здравје, безбедноста на другите пациенти или непречено спроведување на терапевтскиот процес.

**Член 56**

Посетителите се должни да го почитуваат достоинството и приватноста на пациентите и не смеат да фотографираат, снимаат или објавуваат фотографии, видео или аудио записи без согласност, освен во случаи утврдени со закон.

## VIII. КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ – ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ХОСПИТАЛНА КУЛТУРА

**Член 57**

Основни начела за работа во здравствената установа се професионалност во извршувањето на работните обврски, совесност, чесност, посветеност, несебичност, лојалност, колегијалност, способност за тимска работа, ажурност, спремност за стручно усовршување и напредување, одговорно и домаќинско работење, почитување на човечката личност и интегритет, како и недискриминација по било кој основ.

**Член 58**

Во прилог на овој Куќен ред се доставува и Правилникот за хоспитална култура, со кој се утврдува начинот на однесување и постапување во работењето на здравствените работници, здравствените соработници и лица работно ангажирани по било кој основ во здравствената установа преку воведување на принципи и правила на однесување и работење, по кои овие лица постапуваат во извршувањето на работата со цел да се обезбеди примена и почитување на принципите на законитост, професионален интегритет, ефикасност, ефективност и посветеност при вршењето на нивните службени должности.

## IX. ЗАБРАНИ И БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ

**Член 59**

Во Болницата е забрането секое однесување со кое се загрозуваат животот, здравјето, достоинството или безбедноста на пациентите, вработените и посетителите.

**Член 60**

Во просториите на Болницата е забрането внесување, држење и употреба на оружје, експлозивни и запаливи материи, алкохол, недозволени психоактивни супстанции и други опасни предмети.

**Член 61**

Во Болницата не е дозволено психичко и физичко насилство, навредување, заканување, малтретирање, дискриминација и друго однесување со кое се нарушува редот и безбедноста.

**Член 62**

Пушењето е дозволено само во просториите или местата определени од директорот на Установата, согласно законските прописи за заштита од пушење.

**Член 63**

Во болничките простории не е дозволено фотографирање, аудио или видео снимање без претходно одобрение од директорот, освен кога тоа е утврдено со закон.

**Член 64**

Вработените се должни веднаш да преземат мерки за отстранување на секоја опасност што може да го загрози животот и здравјето на пациентите и за секој таков настан без одлагање да го известат непосредниот раководител.

## X. ПОСТАПУВАЊЕ ВО ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ

**Член 65**

При појава на пожар, природна непогода, прекин на снабдување со електрична енергија, агресивно однесување, обид за самоповредување, бегство на пациент или друга вонредна состојба, вработените се должни да постапуваат согласно закон, плановите за заштита и спасување и интерните процедури на Болницата.

**Член 66**

За секој вонреден настан задолжително се составува службена белешка или записник, кој содржи опис на настанот, преземените мерки и лицата кои учествувале во постапувањето.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 67**

За спроведување на овој Правилник се грижат директорот, раководителите на организационите единици, главната медицинска сестра и сите вработени во рамките на своите надлежности.

**Член 68**

Непочитувањето на одредбите од овој Правилник повлекува одговорност согласно закон, колективен договор и другите општи акти на Болницата.

### Член 69

Прашањата што не се уредени со овој Правилник се решаваат согласно Законот за здравствената заштита, Законот за ментално здравје, Законот за заштита на правата на пациентите, Законот за работните односи, Законот за безбедност и здравје при работа и другите прописи што ја уредуваат оваа област.

За пациентите кои се лекуваат во болницата согласно изречени мерки за безбедност „Задолжително лекување и чување во здравстена установа се применува Правилникот за куќниот ред во здравствена установа за лицата спрема кои се извршува мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/98).

Прашањата што не се уредени со Правилникот за куќниот ред во здравствена установа за лицата спрема кои се извршува мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/98) се применуваат одредбите на овој Правилник.

### Член 70

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи претходниот Правилник за куќен ред на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје.

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување на огласната табла на Болницата, а ќе се применува од денот утврден со одлука на Управниот одбор.

**Заменик Претседател на Управен Одбор / Zv. Kryetare e bordit udhëheqës**
Dr Sevime Salihi Pasholli